# DALI4YOUTH

## Билтен #4

Ноември 2023

## Последен проектен резултат и финале на уметничкото патување

Во изминатите неколку месеци партнерите работеа на комплетирање на последниот резултат од проектот – формирање младински мрежи во полето на дигиталната уметност. Локалните мрежи од млади дигитални уметници, младински работници и млади луѓе беа формирани во партнерските заедници во Шпанија, Италија, Латвија, Северна Македонија и островот Реунион, кои дизајнираа и спроведуваа различни локални активности користејќи дигитална уметност: локални млади дигитални (и други ) уметници и ентузијасти се собраа во Реус и Реунион и ја споделија својата работа меѓу себе, во Скопје беа претставени начини за монетизација на дигиталната уметност, се каталогизираа делата на дигитални уметници од Рига, млади уметници од Рим го истражуваа потенцијалот на ChatGPT за создавање дигитална уметност. Но партнерите не застанаа тука; локалните мрежи беа поврзани во голема меѓународна мрежа на млади дигитални уметници кои разработуваат можности за реплицирање на локалните акции и идеи за дигитална уметност во земјите-партнери

И заокружувањето на овој резултат нè носи до крајот на нашиот проект! По 2 години посветена и повеќе од пријатна соработка, уметничко истражување, изготвување на онлајн комплет за обука за дигитална уметност, создавање едукативна игра за млади дигитални уметници и формирање мрежи на млади дигитални уметници, ја достигнавме кулминацијата на DALI4YOUTH. Заедно, не само што комплетиравме извонредна достигнување, туку и го отворивме патот за бескрајни можности во областа на дигиталното уметничко изразување.

Придружете ни се во прославувањето на финалето на ова патување со посета на веб-страницата на проектот **www.dali4youth.eu**, каде што сте повеќе од добредојдени слободно да ги користите резултатите од проектот.

# Завршен партнерски состанок во Скопје (23-24 октомври 2023)



Партнерите од проектот се состанаа за последен пат во Скопје на продуктивен состанок на кој повторно беа разгледани трите проектни резултати, се разговараше за реализацијата на плановите за евалуација и дисеминација и целокупното управување со проектот, и беа договорени подготовките за претстојните настани за промоција на проектните резултати и одговорности за комплетирање на финалниот извештај на проектот.

Работењето на DALI4YOUTH беше непроценливо искуство и апсолутно задоволство за сите партнери во проектот. И додека завесите на оваа извонредна соработка со Еразмус+ полека се спуштаат, инспирирани од посветеноста, професионалноста, безграничната креативност и културната размена што изобилуваше во рамките на нашето партнерство и нашата уметничка средина, подготвени сме за планирање на нови заеднички проекти.

## Партнери

Ici & Ailleurs
Le monde s'ouvre à vous

OPEN EUROPE

ZINI FOUNDATION
FOR INNOVATION AND EDUCATION

VOLUNTEERS CENTRE SKOPJE

CRES
Centre for Research and European Studies
Future Business

## Следете не

@Dali4Youth

@dali4youth

dali4youth.eu

Co-funded by the European Union

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината која ги одразува гледиштата единствено на авторите, и Комисијата не може да биде биде повикана на одговорност за каква било употреба на информациите содржани во неа.